Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-20/3
07.04.2023, Скопје

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA III/2022/441-136 од 22.12.2022 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 5/2023
за набавка на услуги за писмен превод

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на програмата „Пристап до правда за сите" (финансирана од ЕУ, во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021) има потреба од **набавка на услуги за писмен превод на три јазици – македонски, англиски и албански јазик,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на услугата:
   - Писмен превод на мониторинг извештаи за Судски совет и Управен суд, текстови за стручното списание „Правен дијалог", прирачник за примена на стандарди на ЕСЧП во управни постапки, документи за јавни политики и други документи, зависно од потребите на програмските активности.

   Подетален опис на услугите е даден во проектната задача 5/2023.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

   Услугата треба да се испорача во период од **мај 2023 до декември 2023.**

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на услугите наведени во оваа покана.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

6. Изборот на преведувачите ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понудите е следната:

Квалитативна евалуација	Максимум можни бодови
Образование	15
Стручност	35

Членство во професионални здруженија	15
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**
Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **18.04.2023 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **13.04.2023 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Весна Стефановска
Институт за човекови права